


# Водич низ Општина Гази Баба

# Udhëzues përmes komunës së Gazi Babës

Location: 41$^{0}$45’58,72’’N, 21$^{0}$27’05,73’’E
Address: Архимедова 2, 1000 Скопје
Website: www.gazibaba.gov.mk
Contact: +389 02 3226655, contact@gazibaba.gov.mk

*Vlerat multietnike dhe multikulturore janë bazë mbi të cilat, ndër shekuj më parë, ndërtohet bashkëjetesa mes banorëve të komunës së Gazi Babës. Të jeshë kryetar në këtë komunë është sfidë dhe përgjegjësi. Sfidë - përshkak se punohet për të mirën e banorëve, kurse është përgjegjësi sepse duhet të përparojmë por edhe të ofrojmë stabilitet në zhvillimin e shoqerisë qytetare me të gjitha specifikat në kushtet e dhëna. Prandaj unë si kryetar komune si dhe komuna me të gjitha resurset e saja me kenaqësi marim pjesë dhe japim mbështetje në zhvillimin e ardhmërisë tonë - qytetarëve tanë të rinjë. E përkrahim sistemin e arsimit në ngritjen e gjeneratave të reja pa paragjykime,gjeneratave energjike të cilat do të aftësohen të ndërtojnë ardhmëri të suksesshme dhe të përbashkët në komunën e Gazi Babës dhe në Republikën e Maqedonisë .*

*Shkollat fillore në komunën e Gazi Babës pasqyrojnë strukturën demografike të banorëve dhe paraqesin shembull për jetesë multikulturore dhe multietnike. Në këto mjedise mikroshoqërore mësojnë nxënës maqedonas, shqiptar, romë, turq, boshnjak, sërb, vllehë e tjerë. Në të gjitha shkollat ekziston klimë pozitive dhe përkushtim për përparimin e bashkpunimit dhe integrimit të nxënësve nga etnitete që kanë gjuhë, religjione dhe struktura të ndryshme.*

*Shembull për atë është ky “Udhërrëfyes përmes komunës se Gazi Babës” është rezultat i punës së përbashkët të nxënësve nga shkollat fillore ne suaza të projektit ,,Ndërtojmë ardhmëri të përbashkët”. Udhërëfyesi si produkt është shumë I rëndësishëm për të gjithë ne, për arsye se simbolizon bashkëjetesën dhe integrimin në palcën e shoqërisë .*

*Kryetar komune*

*Boris Georgievski*



*Мултикултурните и мултиетничките вредности се темелени вредности врз кои, векови наназад, се гради соживотот меѓу жителите на Општина Гази Баба. Да се биде градоначалник во ваква општина е предизвик, но и одговорност. Предизвик - затоа што се работи за доброто на граѓаните, а одговорност - затоа што треба да се унапреди, но и да се обезбеди стабилност во развојот на граѓанско општество со сите специфики во дадените услови. Затоа јас, како градоначалник, како и општината со сите нејзини ресурси со задоволство учествуваме и даваме поддршка во развојот на нашата иднина – најмладите наши граѓани. Го поддржуваме образовниот систем во подигањето нови генерации без предрасуди, енергични генерации кои ќе бидат способни да градат успешна и заедничка иднина во Општина Гази Баба и во Република Македонија.*

*Основните училишта во Општина Гази Баба ја одразуваат демографската структура на населението и претставуваат пример за мултикултурно и мултиетничко општествено живеење. Во овие микроопштествени средини учат ученици: Македонци, Албанци, Роми, Турци, Бошњаци, Срби, Власи и други. Во сите училишта постои позитивна клима и посветеност кон унапредување на соработката и интегрирање на учениците од различна етничка, јазична, религиска и друга структура.*

*Пример за тоа е овој „Водич низ Општина Гази Баба“, кој е резултат на заедничката работа на учениците од сите основни училишта во општината во рамки на проектот „Градиме заедничка иднина“. Водичот како продукт е многу важен за сите нас, бидејќи симболизира соживот и интеграција во сржта на општеството.*

*Градоначалник*

*Борис Георгиевски*

Историјата бележи дека на територијата на општината првите човечки населби датираат уште од пред околу 3000 - 4000 години п.н.е.

За време на Римското владеење низ територијата на општината поминувала една од тогашните позначајни патни комуникации, патот Стоби – Пауталија (Ќустендил).

Името на Општината Гази Баба потекнува од периодот на турското владеење. Тоа е поврзано со турбето - гробницата на Гази Баба (целосното име: Ес-Сеиид Пир Мехмед бин Челеби), во културната историја на Турција познат како Ашик Челеби. По професија бил правник, судија, но турската историја го памети како еден од најзаслужните преведувачи и поети од тоа време. Крајот на својот живот (1568 – 1571/72 год.) го поминал како кадија во Скопје, познат под името Гази Баба. Погребан е на самиот врв на ридот кој сега го носи неговото име.









Historia vëren se në territorin e komunës vendbanimet e para njerëzore datojnë rreth 3000-4000 vjet para Krishtit.

Gjatë sundimit romak në të gjithë territorin e komunës, një nga komunikimet më të rëndësishme rrugore, rruga Stobi-Pautalia (Kyustendil), kaloi deri atëherë.

Emri i komunës së Gazi Babës vjen nga periudha e sundimit turk. Ajo është e lidhur me turbinën - varri i Gazi Babës (emri i plotë: Es-Seid Pir Mehmed bin Celebi), në historinë kulturore të Turqisë i njohur si Ashik Celebi. Ai ishte avokat, gjykatës, por historia turke e kujton si një nga përkthyesit dhe poetet më të merituar te asaj kohe. Vitet e fundit te jetës së tij (1568 - 1571/72) I kaloi si një kadi në Shkup, i njohur me emrin si Gazi Babë. Ai është varrosur në majë të malit që tani mban emrin e tij.





Në të njëzetat e këtij shekulli, në territorin e komunës së sotme të Gazi Babës, funksiononin tre komuna: Hasan Begova (më vonë Singelicka), Brnjarska dhe Bulachanska. Në territorin e të gjitha 3 komunave, kishte gjithsej 7 shkolla me nga një mësues dhe profesioni kryesor i popullsisë ishte mbarështimi i dhisë.

Në periudhën midis dy Luftërave Botërore, teritori aktual i komunes së Gazi Babës u bë një nga qendrat e zhvillimit fillestar të industrisë në Shkup dhe në rrethinat e saj. Në vitin 1918, u ndërtua furra e parë e pjekjes se tullave dhe tjegullave. Në vitin 1924 në afërsi të Keramidnicës, fabrika e parë e birrës në këtë rajon filloi të funksionojë pranë vijës hekurudhore Nish - Shkup. Më 1939, në Madžari u hap një fabrikë tjetër e tullave dhe tjegullave, e quajtur Rekord.

Në fillim të Luftës së Dytë Botërore, territori i komunës së Gazi Babës bie nën administrimin bullgar dhe nga tre komunat e atëhershme është formuar komuna e fshatit dhe pjesa e Madzarit drejt Shkupit është përfshirë në komunën e qytetit.

Во дваесеттите години на овој век на територијата на денешната општина Гази Баба функционирале три општини: Хасан Бегова (подоцна Синѓеличка), Брњарска и Булачанска. На територијата на сите 3 општини работеле вкупно 7 училишта со по еден учител, а главно занимање на населението било козарството.

Во периодот помеѓу двете Светски војни сегашната територија на Општина Гази Баба станува еден од центрите на почетниот развој на индустријата во Скопје и околината. Во 1918 година е изградена првата фурна за печење на тули и ќерамиди. Во 1924 година во близина на Ќерамидница, покрај железничката пруга Ниш – Скопје со работа започнала Парната пиварница --првата фабрика за пиво на овие простори.Во 1939 година во с.Маџари се отвора уште една фабрика за тули и ќерамиди под име Рекорд.

Со почетокот на Втората Светска војна територијата на општина Гази Баба потпаѓа под бугарска управа и од тогашните три општини биле формирана една селска општина, а делот од Маџари кон Скопје бил опфатен во градската општина.

Од современата историја на општина Гази Баба за одбележување е повторното нејзино формирање на 3 ноември 1976 година, со што станува конститутивна организациона единица на градот Скопје. Оттогаш тој ден се слави како патронен празник на општината. За прв претседател на Собранието на Општина Гази Баба бил избран Пејко Блажевски.



Со осамостојувањето на Република Македонија, општина Гази Баба станува дел од главниот град на Републиката и негова комуникациска и сообраќајна порта. Функцијата Градоначалник на општината досега ја извршувале вкупно десетмина нејзини жители, меѓу кои и една жена - Марика Панкова-Ботева (на функција од 1986-1991 год.). На последните локални избори во 2017 година за градоначалник на општина Гази Баба е избран г-н Борис Георгиевски.





Nga historia bashkëkohore e komunës së Gazi Babës për të shënuar rindërtimin e saj më 3 nëntor 1976, duke u bërë njësia organizative përbërëse e qytetit të Shkupit. Që atëherë, ajo ditë festohet si një festë patronale e komunës. Pejko Blazevski u zgjodh kryetar i parë i Kuvendit të Komunës së Gazi Babës.

Me pavarësinë e Republikës së Maqedonisë, komuna e Gazi Babës bëhet pjesë e kryeqytetit të Republikës dhe komunikimi dhe trafiku i saj. Funksioni Kryetar i komunës deri sot është mbajtur nga gjithsej dhjetë banorë të saj, duke përfshirë një grua - Marika Pankova-Boteva (për një funksion nga 1986- Në zgjedhjet e fundit lokale në vitin 2017, zoti Boris Georgievski u zgjodh kryetar i komunës së Gazi Babës.

Sot, komuna e Gazi Babës paraqet një njësi moderne administrative e vetëqeverisjes lokale me rreth 100 punonjës në 10 sektorë dhe një departament për burimet njerëzore.

Një e treta e produkteve sociale në Republikën e Maqedonisë është krijuar në territorin e saj. Në komunën e Gazi Babës veprojnë 5.066 kompani janë të angazhuara në aktivitete të ndryshme, kryesisht me: tregtinë me shumicë dhe pakicë (946); Transporti dhe magazinimi (335); Industria përpunuese (320); Ndërtim (178); Aktivitetet profesionale, shkencore dhe teknike (137); Aktivitetet e akomodimit dhe të shërbimit të ushqimit (91); Aktivitetet e kujdesit shëndetësor dhe social (76); Informacioni dhe komunikimi (66); Edukimi (18); Art, argëtim dhe rekreacion (14) dhe më shumë.




Денес, Општина Гази Баба претставува современа административна единица на локалната самоуправа со околу 100 вработени во 10 сектори и одделение за човечки ресурси.

На нејзина територија се создава една третина од општествениот производ во Република Македонија. Во Општина Гази Баба стопанисуваат 5.066 компании кои се занимаваат со различни дејности, а најмногу со: трговија на големо и трговија на мало (946); транспорт и складирање (335); преработувачка индустрија (320); градежништво (178); стручни, научни и технички дејности (137); објекти за сместување и сервисни дејности со храна (91); дејности на здравствена и социјална заштита (76); информации и комуникации (66); образование (18); уметност, забава и рекреација (14) и друго.

Во реонот Источна Индустриска Зона од општината Гази Баба, се наоѓаат дел од најпознатите компании во државата, како:

- Пивара Скопје - за производство на пиво и безалкохолни пијалоци;
- Европа – фабрика за производство на чоколади, вафли и бонбони;
- Жито Лукс – лидер во мелничко-пекарската индустрија;
- Алкалоид АД – компанија за производство на лекови, преработка на билни суровини, производство на козметички и хемиски производи;
- Виталиа - за производство и трговија со производи од доменот на здравата храна и други.



Nga teritori i komunës së Gazi Babës funksionon transportuesi më i madh i pasagjerëve në qytetin publik dhe trafikun periferik në kryeqytet - JSP SKOPJE. Ekziston edhe Parku Industrial  Zelezara ku, kryesisht, kompanitë që përfaqësojnë industrinë e përpunimit të metaleve, energjisë, ndërtimit dhe transportit janë kryesisht të orientuara nga eksporti.

Shumica e kompanive të veshjeve në komunë punojnë për eksport. Veshje modës "Aktuel", e cila ekziston dhe punon për më shumë se 30 vjet, është një ndër më të vjetrat dhe më të suksesshmit në mesin e tyre.

Në Zonën Industriale Lindore të Komunës së Gazi Babës, gjenden nje pjesë e kompanive më të njohura në vend, siç janë

- Birraria Shkup - për prodhimin e birrës dhe pijeve joalkoolike;
- Evropa - një fabrikë për prodhimin e çokollatave, waffles(lloj i akullores) dhe sheqerka;
- Zito Luks - lider në industrinë e mullirit dhe të pjekjes;
- Alkaloid AD - kompani për prodhimin e barnave, përpunimin e lëndëve të para bimore, prodhimin e produkteve kozmetike dhe kimike;
- Vitalia - për prodhimin dhe tregtimin e produkteve nga fusha e ushqimit të shëndetshëm etj.



Од територијата на Општина Гази Баба стопанисува и најголемиот превозник на патници во јавниот градски и приградски сообраќај на подрачјето на главниот град - ЈСП СКОПЈЕ. Тука е и индустрискиот парк Железара каде, во главно, се застапени компании репрезенти на метало-преработувачката, енергетската, градежната и транспортната индустрија кои се претежно извозно ориентирани.

За извоз работат и поголемиот број конфекциски фирми во општината. Модната конфекција „Актуел“, која постои и работи повеќе од 30 години, е една од најстарите и поуспешните меѓу нив .



Општина Гази Баба е сместена во Скопската Котлина, а делови од неа ги зафаќаат падините на планината Скопска Црна Гора. Низ дел од општината минува реката Вардар, а на нејзина територија е и вештачкото Смилковско Езеро.

Од вкупната површина на општина Гази Баба која изнесува околу 100км$^2$, поголемиот дел припаѓа на руралниот дел од општината. 65% од вкупното земјиште е обработливо и постои традиција на одгледување на повеќе различни земјоделски култури.

Општина Гази Баба припаѓа и на Централниот вински регион - Вардарската долина и со гордост ги претставува трите винарии на своја територија: Тиквеш, Сковин и Шато Камник. Лозовите насади на Шато Камник се протегаат на 13 хектари на истоимениот локалитет во општината.

Komuna e Gazi Babës ndodhet në luginën e Shkupit dhe pjesët e saj mbulojnë shpatet e malit Mali te Zi te Shkupit. Në nje pjese te komunës kalon lumi Vardar dhe në territorin e saj është liqeni artificial Smilkovcit.

Nga sipërfaqja e përgjithshme e komunës së Gazi Babës, e cila është rreth 100 km2, shumica i përket lagjes rurale. 65% e tokës së përgjithshme është e kultivueshme dhe ekziston një traditë e kultivimit të kulturave shumëfarëshe.

Komuna e Gazi Babës i përket Rajonit Qendror të Verës - Luginës së Vardarit dhe me krenari paraqet tre veraritë në territorin e saj: Tikvesh, Skovin dhe Shateo Kamnik. Vreshtat e Shateo Kamnik shtrijnë 13 hektarë me të njëjtin emër në komunë.

10 vendbanime urbane dhe 16rurale janë në shkëmb të teritorit te komunës së Gazi Babës.Nga qytetet urbane ketu eshte një nga vendbanimet më të vjetra në Shkup - Keramidnica, pastaj Avtokomanda, Gazi Babë, Zelezara, Triangla, Madzari, Cento, Hipodrom, Kamnik dhe Divert Maalo. Në pjesën rurale të komunës, vendbanimet: Brnjari, Bulacani, Vinicë, Goce Dellçev, Darma, Ergele, Kolonija Idrizove, Inzhikove, Jurumleri, Rashtak, Hasanbeg, Smiljkovc, Stajkovc, Stracinc, Trubareve dhe Cresheve.

Gazi Babai është një komunë multietnike. Sipas vlerësimeve, mbi 75000 banorë jetojnë këtu. Shumica e popullsisë janë maqedonasit, pastaj shqiptarët, turqit, romët, serbët, vllehët, boshnjakët, por ka edhe anëtarë të etniteteve të tjera. Nga këtu vjen bollëku i diversitetit në trashëgiminë kulturore dhe traditat që ushqehen në këtë rajon.

10 урбани и 16 рурални населени места се во сколоп на територијата на Општина Гази Баба. Од урбаните тука е една од најстарите населби во Скопје – Ќерамидница, потоа Автокоманда, Гази Баба, Железара, Триангла, Маџари, Ченто, Хиподром, Камник и Дивтар Маало. Во руралниот дел од општината се населените места: Брњарци, Булачани, Виниче, Гоце Делчев, Дрма, Ергеле, Колонија Идризово, Инџиково, Јурумлери, Раштак, Сингелиќ, Смиљковци, Стајковци, Страчинци, Трубарево и Црешево.

Гази Баба е мултиетничка општина. Според проценките овде живеат над 75 000 жители. Најголем дел од населението се Македонци, потоа Албанци, Турци, Роми, Срби, Власи, Бошњаци, но има и припадници на други етникуми. Од тука потекнува и изобилието на разноликост во културното наследство и традициите кои се негуваат на овие простори





Во Општина Гази Баба работи Културниот центар „Димитар Влахов“ во чиј склоп функционираат: културен дом, библиотеката „Кочо Рацин“ и најсовремено музичко студио за снимање на филмска музика на компанијата Феимс од Франција.

Она со што општината посебно се гордее е големиот број образовни институции кои се наоѓаат на нејзината територија:

➢ **2 детски градинки** - „Детска радост“ и „25 Мај“, со 11 клонови за згрижување на децата од предучилишна возраст.

➢**11 основни училишта**: ООУ "Вера Јоциќ", ООУ "Григор Прличев", ООУ "Дане Крапчев, ООУ "25 Мај", ООУ "Кирил и Методиј", ООУ "Крсте Мисирков", ООУ "Крум Тошев", ООУ "Наум Наумовски Борче", ООУ "Наум Охридски", ООУ "Стив Наумов", ООУ "Његош".

➢**6 средни училишта:** АСУЦ „Боро Петрушевски“, СЕТУ „Михајло Пупин“, СУГС „Панче Арсовски“, ДУЦОР „Партенија Зографски“, СУГС „8 Септември“, ПСУ „Јахја Кемал“.

➢**5 универзитети:**

- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ со Природно-математичкиот, Земјоделскиот, Шумарскиот и Ветеринарниот факултет;
- Универзитет „Гоце Делчев“ со Економски, Правен факултет, Факултет за туризам и бизнис логистика,, Факултет за информатика и Факултет за природни и технички науки;
- Универзитет „Свети Климент Охридски“ со Факултетот за безбедност;
- Приватен универзитет „ФОН“
- Приватен универзитет „Евро-Балкан“.

➢**2 студентски домови**: „Стив Наумов“ и „Томе Стефановски-Сениќ“.



Në komunën e Gazi Babës, Qendra Kulturore "Dimitar Vlahov", ne kuader te saj funkionojne shtepia e kultures dhe biblioteka"Koço Racin" dhe në studion më moderne te muzikes per incizimin e muzikes filmike e kompanisë "Famous“ nga Franca.

Ajo që e bën komunën veçanërisht krenare është numri i madh i institucioneve arsimore të vendosura në territorin e saj:

➢ **2 çerdhe** ("Gëzim i fëmijëve" dhe "25 Maji") me 11 klone për kujdesin e fëmijëve të fëmijëve parashkollorë.

➢ **11 shkolla fillore**: Shkolla Fillore "Vera Jociq", Shkolla Fillore „Grigor Prlicev", Shkolla Fillore „Dane Krapçev“, Shkolla Fillore „25 Maji", Shkolla Fillore „Kirili dhe Metodi", Shkolla Fillore „Krste Misirkov", Shkolla Fillore „Krum Toshev", shkolla fillore „Naum Naumovski Borçe“, shkolla fillore „Naum Ohridski", shkolla fillore „Stiv Naumov", shkolla fillore "Njegosh ".

➢ **6 shkolla të mesme**: ASUK „Boro Petrushevski", "Mihailo Pupin", "Pance Arsovski", "Partenija Zografski" DUTSOR, "8 shtatori", PSY "Jahja Kemal".

➢ **5 universitete:**

- Universiteti "Shën Kiril dhe Metodi "me Fakultetin Natyral-Matematik, Bujqësor, Pylltarise dhe Veterinarise.
- Universiteti Goce Dellçev me Fakultetin Ekonomik, Fakultetin Juridik, Fakultetin e Turizmit dhe Logjistikës së Biznesit, Fakultetin e Informatikës dhe Fakultetin e Shkencave Natyrore dhe Teknike.
- Universiteti “Shen Klimenti i Ohrit” me fakultetin e sigurise.
- Universiteti privat "FON"
- Universiteti privat Euro-Ballkan.

➢**2 konvikte studentore**: "Stiv Naumov" dhe "Tomë Stefanovski-Senik".



Општина Гази Баба располага со извонредни локации за спорт и рекреација. Парк – шумата Гази Баба  со површина од 102,44 хектари, како карактеристичен пејзаж во срцето на главниот град, е под заштита на Град Скопје. Патеки со вкупна должина од 13км се протегаат помеѓу разновидните дрвја и грмушки и нудат извонредни услови за велосипедизам, крос кантри трчање, пешачење.

Пријатен амбиент за одмор и прошетка нудат и падините на Скопска Црна Гора. Околу населените места во овој дел има лесно достапни предели со речиси недопрена природа и извори со чиста вода. Друга привлечна локација од овој тип е спортско-рекреативниот центар Хиподром.

Komuna e Gazi Babës ka vende të shkëlqyera për sport dhe rekreacion. Parku – Pylli i Gazi Babës me një sipërfaqe prej 102.44 hektarësh, si një peizazh karakteristik në zemër të kryeqytetit, është nën mbrojtjen e Qytetit të Shkupit. Shtigjet me një gjatësi totale prej 13 km shtrihen midis pemëve dhe shkurreve të ndryshme dhe ofrojnë kushte të shkëlqyera për çiklizëm, kryq vendit vrapim, ecje. Shpatet e Malit te Zit te Shkupit janë gjithashtu një ambient i këndshëm për pushim dhe ecje. Pranë vendbanimeve në këtë pjesë ka zona lehtësisht të arritshme me natyrë pothuajse të paprekur dhe burime me ujë të pastër. Një tjetër vend tërheqës i këtij lloji është qendra sportive dhe rekreative Hipodrom.



Në territorin e komunës së Gazi Babës ka shumë objekte sportive dhe klube sportive të regjistruara. Të famshëm për tifozët e futbollit janë Stadiumi Boris Trajkovski - fusha kryesore e FC Madzari Solidarnost dhe stadiumi "Zelezarnica", ku luan FC Metalurg.Pavaresisht te disa sallave te sapo ndertuara, salla më e famshme sportive në komunë është salla "Avtokomanda" - shtëpia e HC Metalurg. Ka një fushë për sportet e kuajve në Hipodrom, dhe në afërsi të saj është kampi modern i trajnimit të FC Vardar nga Shkupi.

На територијата на општина Гази Баба има голем број спортски објекти и регистрирани спортски клубови. Попознати за љубителите на фудбалот се стадионот „Борис Трајковски“ – матичен терен на ФК Маџари Солидарност и стадионот „Железарница“ на кој настапува ФК Металург. Покрај неколкуте новоизградени сали, најпознатата спортска сала во општината е салата „Автокоманда“ – домот на РК Металург. Терен за коњички спортови има во Хиподром, а во негова близина е и современиот тренинг-камп на ФК Вардар од Скопје.

Општина Гази Баба има голем број археолошки локалитети кои потекнуваат од праисторијата или антиката.

Најпознат археолошки локалитет во општината и еден од најстарите во Македонија и на Балканот е Тумба во Маџари – населба од неолитскотовреме. На простор од 1.400 $m^2$ откриени се урнатини и основи од 7 објекти, 6 живеалишта и 1 светилиште. Меѓу пронајдените предмети најзастапени се керамичките садови со декоративни мотиви.

Тука е пронајдена и култната скулптура на Големата мајка божица - заштитничка на плодноста, претставена на начин што е непознат меѓу неолитските култури на балканските простори. Овој керамички модел во вид на куќа оформена во облик на женска фигура, со одлука на Советот на општина Гази Баба, станува дел од нејзините симболи - грбот и знамето.



Gazi Baba ka shumë vende arkeologjike në territorin e saj që kanë origjinën nga parahistoria ose antikiteti.

Vendi më i famshëm arkeologjik në komunë dhe një nga më të vjetër në Maqedoni, Ballkan Tumba Maxhari – vend nga periudha neolitike. Në një sipërfaqe prej 1400 $m^2$, janë zbuluar rrënojat dhe bazat e 7 ndërtesave, 6 vendbanimeve dhe 1 shenjteore. Ndër objektet e gjetura janë enët qeramike më të përhapura me motive dekorative.

Këtu gjendet skulptura e kultit të perëndeshës së Nënës së Madhe - mbrojtëse e pjellorisë, e përfaqësuar në një mënyrë që është e panjohur midis kulturave neolitike në rajonin e Ballkanit. Ky model qeramik në formën e një shtëpie të formuar me formen e nje figure femer, me vendim të Këshillit të Bashkisë së Gazi Babës, bëhet pjesë e simboleve të saj - stemës dhe flamurit.



Vende të tjera arkeologjike në komunën e Gazi Babës janë:

- ➢ Tumba - vendbanim neolitik, Irma - vendbanim nga kohët romake dhe Latina - nekropoli nga kohët romake, të gjitha në afërsi të Brnjarit;
- ➢ Kulla, fortifikim - refugium nga koha e vonë e lashtë në zonën e Bullacanit;
- ➢ Nekropoli i kohëve romake në Kamnik;
- ➢ Rrethimi, një vendbanim nga kohët romake në Madzari;
- ➢ Ciflik - vendbanimi nga koha e vone e antikitetit në zonën eRashtakut;
- ➢ Tumba-Krush, një vendbanim nga kohët neolitike dhe romake në afërsi të Stajkovcit;
- ➢ Çelësi - Hipodromi, nekropoli i kohës së vonshme të bronzit dhe vendbanimi nga Mesjeta;
- ➢ Bukë Dol - nekropoli romak në zonën e Cresevës;
- ➢ Smiljkovce, një vendbanim nga kohët romake; Gjetjet e vetmuara nga kohët romake u gjetën në lokalitetin Rokomiya (ndërmjet Gazi Babës, Kamnikut, Kumanovës dhe rrugës për Creshevë) dhe në rrugën "Dimçe Miloshevski" në Divert Maalo.



Други археолошки локалитети во општина Гази Баба се:

- ➢ Тумба - населба од неолитско време, Ирма - населба од римско време и Љатина - некропола од римско време, сите во околината на Брњарци;
- ➢ Кула, утврдување - рефугиум од доцно антично време во околината на Булачани;
- ➢ Некропола од римско време во Камник;
- ➢ Ограда, населба од римско време во Маџари;
- ➢ Чифлик - населба од доцно антично време во околината на Раштак;
- ➢ Тумба -Круша, населба од неолитско и римско време во околината на Стајковци;
- ➢ Клучка – Хиподром, некропола од доцнобронзено време и населба од средниот век;
- ➢ Крши Дол - некропола од римско време во околината на Црешево;
- ➢ Смиљковце, населба од римско време;

Осамени наоди од римско време се пронајдени на локалитетот Рокомија (помеѓу Гази Баба, Камник, Кумановски пат и патот за Црешево) и на улицата „Димче Милошевски“ во Дивтар Маало

Локалитетите Острово и Езерце во близината на Трубарево се подрачја кои, заради својата извонредна важност за биодиверзитетот во Македонија и пошироко во Европа и светот, се под заштита и се прогласени за споменици на природата.

Острово е остаток од поранешен остров кој го формирала реката Вардар по природен пат, делејќи се на две теченија и заобиколувајќи го. Над стотина фаунистички видови кои го населуваат овој локалитет се со статус на заштитени видови во европски рамки или пошироко.

Просторот на Езерце за време на периодот на терциер бил дел од некогашното скопско неогено езеро. И овој локалитетот изобилува со најразновидна флора и фауна и се одликува со значајни еколошки, едукативни и рекреативни вредности.

Статус споменик на природата има и дендро-паркот Трубарево – арборетум со околу 600 дрвенести и грмушести видови, оформен од Земјоделско – шумарскиот факултет.

Ботаничката градина при Факултетот за биологија е локалитет од големо значење за одгледување и репродукција на ендемични, реликтни, ретки и лековити растенија од флората на Р. Македонија и пошироко. Во 3 стакленишти и 6 хектари отворен простор се одгледуваат приближно 2.500 видови растенија од сите климатски подрачја.

Ujdhesa dhe liqeni lokal pranë zonave Trubarevë janë fusha që për shkak të rëndësisë së tyre të shquar për biodiversitetin në Maqedoni dhe vende të tjera në Evropë dhe në botë janë nën mbrojtje dhe jane shpallur monumente natyrore.

Ujdhesa është një mbetje e një ish-ishulli që prej tij u formua lumi Vardar ne menyre të natyrshme, duke e ndarë ne dy rryma dhe duke e anashkaluar atë. Mbi njëqind lloje të faunës që banojnë në këtë lokalitet me statusin e llojeve të mbrojtura brenda Evropës apo më gjerë.

Hapësira e liqenit gjatë periudhës Terciare ishte pjesë e ish-Neogjenit liqenit të Shkupit. Dhe ky lokalitet është I pasur me një shumëllojshmëri të florës dhe faunës dhe dhënien e vlerave të rëndësishme mjedisore, arsimore dhe rekreative.

Gjendje te perkujtimit te natyres ka edhe dendro-Parku Trubarevë – arboretum(pylli) me mbi 600 lloje te pemëve dhe shkurreve, formuar nga Fakulteti i Bujqësisë dhe Pylltarisë.

Kopshti botanik i Fakultetit të Biologjisë është një vend me rëndësi të madhe për kultivimin dhe riprodhimin e bimëve endemike, të rralla dhe medicinale të florës të Republikës Maqedoni dhe më gjerë. Ne 3 serra dhe 6 hektare hapesire kultivohen rreth 2.500 lloje të bimëve nga të gjitha klimat.

Овој „Водич низ општина Гази Баба“ е плод на деветмесечна заедничка работа на учениците од основните училишта во општина Гази Баба, под менторство на нивните наставници. Тој е директен продукт од заедничка активност во рамки на Проектот „Градиме заедничка иднина“ поддржан од Градоначалникот на општината, Г-н Борис Георгиевски.

Ky "Udhëzues përmes komunës së Gazi Babës" është fryt i punës nëntë mujore të nxënësve të shkollave fillore në komunën e Gazi Babës, nën mentorimin e mësuesve të tyre. Ky është një produkt i drejtpërdrejtë i një aktiviteti të përbashkët në kuadër të Projektit "Ndërtimi i një të Ardhme të Përbashkët", mbështetur nga Kryetari i Bashkisë Boris Georgievski.





Објавувањето на Водичот е финансирано од Фондот Градиме мостови, кој е воспоставен преку заедничка заложба на Министерството за образование и наука, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Владата на Швајцарија и Владата на Ирска. Целта на Фондот е да овозможи мултиетнички искуства за сите деца и ученици од најрана возраст, а со тоа да придонесе кон градењето на општество кое ја негува и се гордее со својата разноликост, како и со препознавањето на богатството на заедничките вредности кои ги споделуваме.

Голема благодарност до Бордот на Фондот кој ги поддржа нашите мостови на поврзување и отвори можности да ги откриваме и претставиме богатствата на општината и да придонесеме во градење на заедничката иднина во Гази Баба.

Publikimi i Udhëzuesit financohet nga Fondi i Ndërtimit të Urave, i themeluar nëpërmjet një përpjekjeje të përbashkët të Ministrisë së Arsimit dhe Shkencës, Misionit të OSBE-së në Shkup, Qeverisë së Zvicrës dhe Qeverisë së Irlandës. Qëllimi i Fondit është që të sigurojë përvoja multietnike për të gjithë fëmijët dhe nxenesit e moshës më të hershme, duke kontribuar kështu në ndërtimin e një shoqërie edukative dhe është krenar për diversitetin e saj, si dhe njohjen e pasurisë së vlerave të përbashkëta që ndajmë. Një falënderim i madh për Bordin e Fondit, i cili mbështeti urat tona të ngushta dhe hapi mundësi për të zbuluar dhe paraqitur thesaret e Bashkisë dhe për të kontribuar në ndërtimin e një të ardhme të përbashkët në Gazi Babën.


90